Врз основа на чл.36 од Законот на Локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М бр. 05/02) чл.41 од Статутот на Општина Лозово (Сл.Гласник на Општина Лозово бр.02/05,29/14 и 73/17) Советот на Општина Лозово на ден 11.12.2023 год.

# П Р О Г Р А М А

За активностите на Општина Лозово за ревитализација по елиминирање на кризи и во областа на заштитата и спасувањето во 2024 година.

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси и активности за ревитализација по елиминирање на криза и во областа на заштитата и спасувањето особено во противпожарна заштита (доброволните противпожарни друштва, секциите во училиштата на млади пожарникари) кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби Општина Лозово во 2024 година овие активности ќе ги спроведува преку:

- Посторниот штаб за заштита и спасување,

- Регионалниот центар за управување со кризи,

- Просторните сили за заштита и спасување (универзални и специјализирани – екипи, одделенија),

- Комисија за процена на штети од елементарни и други несреќи на територијата на Општина Лозово,

- Територијалната противпожарна единица која дејствува на целокупната територија на Општина Лозово со доброволните противпожарни друштва и секциите во училиштата на млади пожарникари.

## 1. Цели

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др:

- Ревитализација на општината по елиминирање на кризите,

- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителен свет и културно наследство од природните непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба:

- Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштита и спасување на луѓето и и матријалните добра :

- Обезбедување на навремено известување за опсасноста, благовремено откривање елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови несреќи и ублажување на последиците од иститe.

- Обезбедување на услови и можности соодветна организација опременест и координираност на силите за заштита и спасување со кризи и противпожарна заштита.

**2. Активности**

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализација на програмата.

Во оваа насока ќе бидат насочени активностите кон обезбедување на услови за квалитетна навремена и законска рамки реализиана активност . Општина Лозово преку оваа Програма за 2024 година во рамките на својте материјални можности ќе обезбеди средства потребни за квалитетна и техничко стручна подготовка единица за целото подрачје на Општина Лозово и другите општини и развој за зајакнување на доброволната противпожарна оранизација на својата територија како и непречено фукционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето, превенција и справување со кризни појави и состојби од просторот на општината.

**3. Финансирање**

Финансирањето на активностите во областа на заштитата и спасувањето од кризни појави, дејствувањето на ТППЕ Св.Николе, доброволните противпожарни друштва утврдени според оваа програма ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на Општина Лозово

- Средства од осигурителни друштва

- Домашни и странски фондации

- Правни и физички лица

## 4. Распоред на финансиски средства

А. Противпожарна затита и зајакнување на добровлната противпожарната протвпожарна организација и други активности за заштита и спасување

ПРИХОДИ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџет на Општина Лозово | 70 000,00 |
| | Вкупно | 70 000,00 |

РАСХОДИ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Организирање и спроведување на обука на просторните штабови и единици | 10 000,00 |
| 2. | Набавка на техничка и заштитна опрема | 20 000,00 |
| 3 | Набавка на работна унифома за ДПД | 10 000,00 |
| 4 | Активноти на комисијата за проценка на штети од елементарни и други несреќи | 10 000,00 |
| 5 | Надомест на материјални трошоци за правни и физички лица учесници во акции за гасење на пожар и други видови на загрозувања и несреќи | 20 000,00 |
| | ВКУПНО | 70 000,00 |

## 5. Други форми и активности за побезбедна општина со подржување и помагање на субјектите од заштитно спасувачката организираност на територијата на општината

Активностите на ДСЗ, ЦУК, ТППЕ, ДПД, секциите за млади пожарникари во училиштето освен со финансиски средства Советот на Општина Лозово и Градоначалникот ќе се помагаат и стимулираат со:

- Учество на Градоначалникот и членови на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ поврзани со натпревари, вежби, прослави и други настани

- Поддршка и учество во проекти и друг вид на активности

**6. Звршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и Градоначалникот на Општина Лозово.

Во соработка со Просторниот штаб за заштита и спасување, Регионалниот штаб РЦУК Св.Николе Дирекција за заштита и спасување, државниот инспекторат за заштита од пожари, ижнспекторат за заштита и спасување и други надлежни органи и тела, органите и телата на Советот и Градоначалникот на Општина Лозово ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења поднесување на иницијативи, давање на мислења, и поднесување на предлози во врска со остварување на програмските цели и активности.

Дата: 11.12.2023 година

Лозово

Изработил: Љупчо Димитров

Совет на Општина Лозово

Претседател

______________________

Владе Миланов